РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Бр./Nr 12-707/3
26-07 г./v. 2021

Врз основа на член 22 став и член 23 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен Весник на Република Македонија" број 12/2019) и член 40 и 41 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по пријава на познат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата на продолжението на 50-та седница, одржано на ден 22.07.2021 година донесе

**Одлука**

Постапката по предметот со број 12 - 707 од 2021 година, оформен по пријава со број 12 - 707/1 од 15.02.2021 година, доставена од страна на подносителот „------ ------- ----------" ДООЕЛ од ------------, **СЕ ЗАПИРА**.

Согласно со одредбите на Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси Државната комисија за спречување на корупцијата нема елементи за нејзино натамошно надлежно постапување во предметот со број 12 - 707 од 2021 година, во предметниот случај од страна на подносителот во целост е повлечена поднесената пријава/известување.

Предметот со број 12 - 707 од 2021 година, да се затвори и да се архивира.

До подносителот на пријавата да се достави Одлуката на ДКСК, со образложението.

Одлуката на Државната комисија за спречување на корупцијата, со образложението – во деперсонализирана форма, да се објави на веб страницата на Државната комисија во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

Образложение

Предметот со број 12 - 707 од 2021 година, оформен по пријава/известување со број 12 - 707/1 од 15.02.2021 година, доставена до Државната комисија за спречување на корупцијата (ДКСК) од познат подносител, „------ ------- ----------" ДООЕЛ од ------------,.

Во добиената пријава/известување се известува за криминални активности во Еуростандард Банка во стечај и во истата се изнесени наводи за сомневање во стечајната постапка по однос на постапувањето на стечајниот судија ---------- ------------- и стечајниот управник ------ ---------------, а поради тоа што при водењето на стечајната постапка поведена над наведената банка овие две лица соработувале заради нивна корист а при тоа се нанесувале огромни штети на сите комитенти на Еуростандард Банка во стечај.

Подносителот на пријавата, предметното известување со нивен број ---------- од 12.02.2021 година, го доставува до ДКСК како еден од комитентите на Еуростандард Банка сега во стечај, кој бил корисник на кредит кој што редовно го имале сервисирано до денот на отворањето на стечајот и цело време биле во А категорија, а кој како правно лице станал предмет на уцени од лицето ----------- - -------------, сопруг на погоре наведената стечајна судијка. Имено, подносителот наведува дека во време кога била отворена стечајната постапка , ова лице во неколку наврати ги убедувал комитентите да соработуваат со него со ветување дека од страна на стечајниот управник --------- ------------, ќе добијат одредени привилегии и тоа за соодветна награда, кои биле на штета по комитентите а во нивна корист. Според подносителот, стечајната судијка ---------- --------------, требало да се изземе од дадениот случај бидејќи нејзиниот сопруг бил сопственик и управител на неколку фирми и тоа, ---------

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

------- - ------ ---- ---- - ---- ------------------------------------------------ и поради тоа што некои од фирмите имале кредити и депозити во Еуростандард Банка сега во стечај, па според подносителот тука имало сомнеж за реален конфликт на интереси, а воедно стечајниот управител ------- ---------- веќе бил запознаен со фирмите на сопругот на судијката , каде што бил стечаен управник во тие постапки претходно. На крајот подносителот бара, да се преземат дејствија за промена на стечајниот судија и стечајниот управник на Еуростандард Банка во стечај.

Од страна на подносителот на известувањето доставен е допис со нивен број 03-102/21 од 29.03.2021 година , кој во архивата на ДКСК е заведен под број 12-707/2 од 01.04.2021 година, а со кој подносителот ја известува Државната комсија дека во целост го повлекува известувањето доставено до ДКСК од 12.02.2021 година.

На седницата, по разгледување на наводите на предметниот пријавен случај, ДКСК констатира дека во предметниот случај од страна на подносителот повлечено е во целост доставеното известување, по што оцени дека Државната комисија нема елементи за свое натамошно надлежно постапување во предметниот случај, постапката по предметот оформен по доставената пријава се запира, предметот да се затвори и да се архивира.

Имајќи го предвид погоре наведеното, Државната комисија за спречување на корупцијата одлучи како во диспозитивот на оваа одлука.

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Претседател,**
**Билјана Ивановска**

Доставено до :
- Архива
- Подносителот

Изработил: Ј.Ц.
Одобрил: С.П.Д./ Член на ДКСК